ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
СУ-484/23
27.02.2023 год.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба, а во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи, и Согласноста на Министерството за финансии бр. 08-160/2 од 21.02.2023 година, Основен суд Кочани на ден 27.02.2023 година, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/23**

За вработување на судски службеник -еден извршител и вработување по Законот за работни односи -еден извршител, на определено време до 31.12.2023 година за следните работни места:

**1. Судски референт – Дактилограф, категорија „Г", ниво „Г3", 1 (еден) извршител - шифра СУД0101Г03001**
Посебни услови - потребни стручни квалификации и компетенции:
- најмалку вишо или средно образование
- најмалку една година работно искуство во струката
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски и германски).
Платата на судскиот службеник ќе изнесува:19.904,00 денари.

**2. Хигиеничар - 1 (еден) извршител -шифра УПР0405А03004**
Посебни услови - потребни стручни квалификации и компетенции:
- основно или средно образование
- без работно искуство
Платата на вработениот ќе изнесува : 18.000,00 денари.

Покрај посебните услови, кандидатите за секое од работните места потребно е да ги исполнуваат и следните општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Останати права и обврски за секое од работните места
Работни часа : 40 неделно
Работни денови : од понеделник до петок
Работно време за работното место под број 1 од огласот од 07.30 до 15.30 часот
Дневна пауза : од 11.00 до 11.30 часот
Работно време за работното место под број 2 од огласот е во две смени од 06:00 до 9.00 часот и од 15:30 до 20:00 часот

Времетраење на работниот однос: определено до 31.12.2023 година.

Пополнетата пријава со докази за исполнување на општите и посебни услови во оригинал или копија заверена на нотар, се доставуваат преку приемната писарница во судот или по пошта на адреса: Основен суд Кочани, ул.„Никола Карев“ бр.4 Кочани, со назнака „За Јавен оглас бр.1/23“.

Рокот за пријавување е 3 (три) работни дена по денот на последното објавување во дневен весник (без да се смета денот на објавување).

Ненавремена, нецелосна, неуредно пополнета пријава, или пријава во која се внесени лажни податоци, нема да се разгледува.

Изборот ќе се изврши најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување.

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ